

Исаија Радев Мажовски (Лазарополе, Дебарско, 9. III 1852 – Плевен, Бугарија, 1926) е истакнат македонски деец, зоограф, комита, активен во формирањето на македонско-албанските лиги и борец за ослободување на Македонија, поборник за автономна Македонија во рамките на јужнословенска заедница на народите. Тој е импозантна личност на македонската историја кој бескомпромисно се борел против турското политичко и грчкото духовно ропство. Ја застапува тезата дека денешните Македонци се директни потомци на царевите Каран, Филип и Александар Македонски.

Исаија Мажовски е роден на 9 март 1852 година во Лазарополе, Дебарско. Своето образование го започна на осум години во црковно училиште, каде од свештениците учи да чита часослови, псалтири и молитви напамет. По завршувањето на црковно училиште, Исаија на 12 години започна да го изучува занаетот на иконописец. Три години заедно со браќата Јосиф и Јаков го учи иконописниот занает, а потоа заминува во Зографскиот манастир на Света Гора.

Два месеци Мажовски престојува во Света Гора и се зближува со јеромонахот Натанаил Кучевишки. Во пролета, на 24 април 1867 година, Натанаил Кучевишки и Исаија Мажовски заедно патуваат во Петербург, на чествувањето на празникот на словенските просветители Св. Кирил и Методија. На прославата која се одржа на 11 мај 1867 година, сите словенски народи имаа свои преставници, а Мажовски ја има првата средба со рускиот император Александар II.

Исаија Мажовски бил следбеник на тезата дека ослободувањето на Македонија пред се треба да биде дело на самите Македонци. Но, сеславјанскиот собир на прославата на равноапостолите Кирил и Методиј, како и зборовите на рускиот цар кој присутните ги поздравува со зборовите „..добродојдовте во родната словенска земја“, сепак ќе влијаат врз Мажовски. Ослободувањето на Македонија тој ќе го гледа како заедничко дело на македонските револуционерни сили и царска Русија.

Во 1869/70 година Мажовски се сретнува со рускиот амбасадор во Цариград грофот Игнатиев, а се запознава и со бугарските дејци при конституирањето на Бугарската егзархија. Во периодот од 1871 до 1873 година, Мажовски зема активно учество во антипатријаршиската борба во родниот крај, по што турските власти го апсат и лежи еден месец во Битолскиот затвор. По излегувањето од затворот заминува во Тирана каде се договора со албанските првенци за заедничка борба за ослободување, а потоа во 1874 година присуствува на албанскиот конгрес во Призрен.

Во почетокот на 1877 година, Русија интервенирала на страната на српските и руските доброволни одреди и објавува војна на Отоманската империја. Војната се завршува со потпишување на Сан-Стефанскиот договор, но по интервенција на Велика Британија на Берлинскиот конгрес Русија се согласува да се формираат нови помали граници на Бугарија. Тоа ќе предизвика незадоволство кај панславистите, ќе ги разгори револуционерните страсти во Русија, а нихилистичката терористичка организација „Народна воља“ ќе изврши атентат врз рускиот цар Александар II.

По убиството на Александар II, престолот го наследува неговиот син Александар III кој како посветен славофил ја оживува политиката на православието. По повод 1000 годишнината од смртта на Св. Методија, со надеж дека Русија ќе и помогне на Македонија, на пат за Петербург Мажовски во Букурешт прво се сретнува со рускиот дипломат Хитрово, а за време на прославата на 12. V.1885 година во Царско Село на императорот Александар III му предава молба „од името на македонскиот

старословенски народ од Дебар и Кичево.

Во 1886 година, Мажовски учествува во Македонскиот комитет во Софија, а во следната година го информира Хитрово во Букурешt за заедничката македонско-албанска акција „за слободата и независноста и на двете земји – Македонија и Албанија“. Во 1888 година повторно заминува за Киев, овојпат на прославата на 900- годишнината од покрстувањето на Русите. На 13 јули 1888 година на парабродот „Рицар“ среде реката Днепар пред највисоките претставници на руската држава, наука и култура одржува знаменит говор за Македонија и за „несреќниот македонски роб“.

Во неговиот говор пред истакнатите словенофили, Мажовски за да ја добие руската подршка и помош за ослободување на Македонија ја истакнува македонската посебност. Според неговата теза Македонците биле старословенски народ, кој цар Каран ги донел на Балканот пред 2500 години, кој исто како Филип и Александар бил чист словен. Тој својата теза ја поткрепил со повеќе македонски народни песни и преданија за македонските цареви Филип и Александар.

По враќањето од Русија, одново оди на преговори со албанските првенци од Тирана, кои ги води во Софија и ги враќа назад. Во времето на Охридскиот заговор, во 1889 година Мажовски е уапсен во Лазарополе и осуден на 7 години. Затворската казна ја одлежува во Беас- Кале, а по помилувањето во 1894 година се враќа во Софија.

За време на престојот во Русија тој се среќава со истакнати словенофили, меѓу кои и со видни српски претставници. Од Софија, со писмо се обраќа до истакнатите српски преставници за поддршка од Србија.Од нив бара помош да се отвори „српско-арнаутско училиште“ во Дебарско. Иако нема позитивен одговор, во април 1895 година тој лично патува во Белград и му ја образлага идејата на српскиот министер за надворешни работи.

По враќањето од Србија, Мажовски оди во родното Лазарополе. На 6 декември 1895 година, обвинет како „бунтовник“ и „паликуќа“, тој мора да се правда кај пашата во Дебар. Откако турските власти не му издаваат патна исправа, Мажовски во 1896 година илегално се префрла во Ќустендил и оттаму пак заминува во Русија. Во Петергоф, од името на „клетите македонски Словено-Бугари“, Мажовски повторно поднесува нова молба до рускиот цар а во Светиот синод на Руската православна црква предава еден

стар ракописен минеј. Предавањето на ракописот во мај 1897 година, во присуство на рускиот митрополит Победоносцев, генералот Гесеј, професорот Плетнев и српскиот амбасадор во Русија Сава Груиќ, има посебно историско-политичко значење. Мажовски сака да потврди дека „ние сме старословенски народ, преселени од Мајка Велика Русија во Македонија многу понапред од Бугарите и од Србите, но говорот ни е поблизу до бугарскиот", па оттука како што вели „ние се сметаме за духовни чеда на Светата Бугарска егзархија".

За време на оваа патешествие, на Мажовски му била ветена морална и материјална подршка во борбата за ослободување на Македонија. По ова ветување тој контактира со руските преставници Н.П. Игнатиев, во Цариград и М.А Хитрово во Букурешт.

Свесен за опструкциите на „братските" словенски држави, Србија и Бугарија, Мажовски во 1901 година му предлага на претседателот на ВМОК Борис Сарафов „да се определат македонски делегати што ќе заминат во сите големи држави за да работат врз прогласувањето на самостојноста на поробената и измачена Македонија". Тој посебно бара да се испратат делегати во Русија, „зашто Србите денонoќно работат и настојуваат во Петербург да ни прикажат како старо-Срби". Меѓутоа, Сарафов му одговорил дека „тие имаат одено во Русија, но таа не сака ни да чуе за Македонија".

Во 1903 година Мажовски го помага Востанието во Македонија, а по „Уриетот" во 1908 година патува одново во Албанија за да организира заедничка антиуриетска акција.

Пред крај на својот живот, во 1922 година во Софија ги објавува своите „Спомени", а по четири години во 1926, умира кај семејството во Плевен, Бугарија.